**Народна банка на Република Македонија**
ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на вториот квартал од 2014 година

септември, 2014 година

**Бруто надворешниот долг** на крајот на вториот квартал од 2014 година изнесуваше 5.741,6 милиони евра и во однос на состојбата на крајот на претходниот квартал е зголемен за 112,9 милиони евра. Најголемиот дел, или 84%, од зголемувањето произлегува од зголемениот долг на јавните претпријатија, во рамки на јавниот долг. **Бруто надворешните побарувања** бележат квартално намалување за 48,7 милиони евра, во најголемиот дел поради пониските пласмани на Народната банка на Република Македонија во долгорочни должнички хартии од вредност. Следствено, **нето надворешниот долг** во вториот квартал од 2014 година е зголемен за 161,7 милиони евра и изнесува 1.805,4 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2013 година**, бруто надворешниот долг е повисок за 521,9 милиони евра, од кои 80% се однесуваат на зголемениот јавен долг (во поголем дел поради репо-трансакциите што ги извршува Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1], а во помал дел поради задолжувањето на јавните претпријатија). Доколку се исклучи ефектот на репо-трансакциите, бруто надворешниот долг е зголемен за 217,8 милиони евра, од кои 83,4 милиони евра претставуваат заеми на корпоративниот сектор од поврзани субјекти. Бруто надворешните побарувања се повисоки за 231,8 милиони евра, во најголем дел поради зголемените јавни побарувања (главно пласманите на Народната банка преку обратни репо-трансакции). Без репо-трансакциите, бруто надворешните побарувања се пониски за 72,3 милиони евра. Со оглед на тоа дека добар дел од промените кај надворешниот долг и надворешните побарувања произлегуваат од репо и обратните репо-трансакции на НБРМ, годишната кумулативна промена кај нето надворешниот долг во вториот квартал од 2014 година е помала, односно тој е зголемен за 290,1 милион евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** во вториот квартал од 2014 година е зголемена за 118,8 милиони евра во однос на претходниот квартал, односно за 277,8 милиони евра во однос на крајот на 2013 година. Најголем придонес, како за кварталниот, така и за годишниот кумулативен раст на негативната нето МИП има зголемувањето на нето-обврските врз основа на должничките инструменти (за 161,7 милиони евра, односно за 290,1 милион евра, соодветно). Со тоа, на крајот на вториот квартал на 2014 година, негативната нето МИП достигна 4.836,1 милион евра, или 60,4% од проектираниот БДП. И натаму, најголем дел (82,6%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 82% се врз основа на сопственички капитал.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми“) коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2013 | | 31.03.2014 | | 30.06.2014 | | промена во однос на крај на претходна година | | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **5,219.7** | **63.0** | **5,628.7** | **70.3** | **5,741.6** | **71.7** | **521.9** | **10.0** | | **112.9** | **2.0** | **1.4** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***5,219.7*** | ***63.0*** | ***5,324.4*** | ***66.5*** | ***5,437.5*** | ***67.9*** | **217.8** | **4.2** | | **113.1** | **2.1** | **1.4** |
| Долгорочен долг | 4,002.8 | 48.3 | 3,949.7 | 49.3 | 4,041.0 | 50.4 | 38.2 | 1.0 | | 91.3 | 2.3 | 1.1 |
| Краткорочен долг | 1,216.9 | 14.7 | 1,679.0 | 21.0 | 1,700.6 | 21.2 | 483.7 | 39.8 | | 21.7 | 1.3 | 0.3 |
| Јавен долг | 2,172.4 | 26.2 | 2,506.7 | 31.3 | 2,585.5 | 32.3 | 413.2 | 19.0 | | 78.9 | 3.1 | 1.0 |
| Приватен долг | 3,047.4 | 36.8 | 3,122.0 | 39.0 | 3,156.1 | 39.4 | 108.7 | 3.6 | | 34.1 | 1.1 | 0.4 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **3,704.5** | **44.7** | **3,985.0** | **49.7** | **3,936.3** | **49.1** | **231.8** | **6.3** | | **-48.7** | **-1.2** | **-0.6** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***3,704.5*** | ***44.7*** | ***3,680.7*** | ***45.9*** | ***3,632.2*** | ***45.3*** | **-72.3** | **-2.0** | | **-48.6** | **-1.3** | **-0.6** |
| **Нето надворешен долг** | **1,515.2** | **18.30** | **1,643.7** | **20.5** | **1,805.4** | **22.5** | **290.1** | **19.1** | | **161.7** | **9.8** | **2.0** |
| **МИП, нето** | **-4,558.4** | **-55.0** | **-4,717.4** | **-58.9** | **-4,836.1** | **-60.4** | **-277.8** | **6.1** | | **-118.8** | **2.5** | **-1.5** |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2013 година е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ, второ тримесечје од 2014 година" од 12.9.2014).
Ваквите методолошки промени сѐ уште не се вклучени/опфатени во проекцијата на БДП за 2014 година. Поради тоа, податоците за долгот, побарувањата и МИП за 2013 и 2014 година, изразени како процент од БДП, не се меѓусебно споредливи.

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

Бруто надворешниот долг во вториот квартал на 2014 година достигна 5.742 милиона евра, или 71,7% од проектираниот БДП за оваа година и во однос на првиот квартал забележа пораст од 113 милиони евра (или 2,0%).
Бруто надворешниот долг во однос на крајот на 2013 година забележа пораст од 522 милиони евра (или 10,0%).




Извор: НБРМ.

Во структурата на бруто надворешниот долг и понатаму преовладува учеството на приватниот надворешен долг. Сепак, во вториот квартал на 2014 година продолжува растот на учеството на јавниот бруто надворешен долг (за 0,5 п.п. во однос на претходниот квартал и за 3,4 п.п. во однос на крајот на претходната година).




Извор: НБРМ.

Кај рочната структура на бруто надворешниот долг не се регистрирани позначителни промени во однос на претходниот квартал. Поизразени промени се забележуваат во споредба со крајот на 2013 година, во насока на пораст на учеството на краткорочниот долг (за 6,3 п.п.). Но, и покрај ваквите промени, рочната структура на бруто долгот и натаму е поволна, со доминантно учество на долгорочниот долг.




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура, најголем дел од бруто надворешниот долг произлегува од останатите сектори (главно нефинансиски трговски друштва), чиј долг на крајот на вториот квартал од 2014 година достигна 1.895 милиони евра или 33% од вкупниот надворешен долг. По нив следуваат долгот на државата од 1.608 милиони евра и долгот кон поврзаните субјекти од 1.253 милиони евра (28% и 21,8% од вкупниот надворешен долг, соодветно).




Извор: НБРМ.

Доминантен дел, или 74,1%, од бруто надворешната задолженост на земјата е врз основа на заеми, по што следува задолженоста врз основа на трговските кредити, со учество од 18,6%.




Извор: НБРМ.

Анализата на валутната структура на заемите, како доминантен инструмент, покажува дека најголем дел од обврските на крајот на вториот квартал на 2014 година се во евра.




Извор: НБРМ.

Порастот на вкупниот бруто надворешен долг во вториот квартал на 2014 година, во најголем дел произлегува од зголемениот јавен долг (за 78,9 милиони евра), при истовремен пораст и на приватниот долг (за 34,1 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на јавниот надворешен долг е резултат на зголемување на долгот кај јавните банки и јавните претпријатија за 96,5 милиони евра (најголем дел, или 86,5 милиони евра од овие средства се наменети за изградба на патната инфраструктура).




Извор: НБРМ.

Главен причинител за порастот на приватниот надворешен долг во вториот квартал од 2014 година е зголемувањето на меѓукомпанискиот долг (за 19,8 милиони евра) и долгот на небанкарскиот приватен сектор (за 14,3 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, најголем дел од кварталниот раст на бруто долгот произлегува од останатите сектори (главно нефинансиски трговски друштва), чиј долг бележи раст од 109,0 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Споредено со крајот на 2013 година, најголем дел од вкупниот раст на бруто долгот произлегува од јавниот надворешен долг (413,2 милиона евра), што во најголем дел се однесува на зголемениот долг по основа на репо трансакции за 304,1 милион евра и зголемениот долг на јавните претпријатија за 109,0 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Споредено со крајот на 2013 година, зголемувањето на бруто долгот произлегува од секторот „централна банка" (304,1 милион евра, по основ на репо-трансакциите), останатите сектори (135,9 милиони евра) и од меѓукомпанискиот долг (83,4 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Бруто надворешните побарувања во вториот квартал од 2014 година, се намалени за 48,7 милиони евра (или 1,2%) и изнесуваат 3.936 милиони евра, односно 49,1% од проектираниот БДП за оваа година.
Во однос на крајот од 2013 година, бруто надворешните побарувања се повисоки за 231,8 милиони евра (или 6,3%).




Извор: НБРМ.

Во вториот квартал на 2014 година регистрирано е квартално поместување во структурата на побарувањата за 1,2 п.п. во корист на приватните бруто надворешни побарувања. Сепак, во однос на крајот на 2013 година, нивното учество е намалено за 1,3 п.п..



**Рочна структура на бруто надворешни побарувања (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Од аспект на рочната структура, во вториот квартал од 2014 година долгорочните побарувања бележат намалување на учеството (за 5,6 п.п. во однос на претходниот квартал и за 9,9 п.п во однос на крајот на 2013 година), со што краткорочните побарувања имаат доминантно учество во структурата на вкупните побарувања.



**Бруто надворешни побарувања по институционални сектори (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Носител на најголемиот дел од бруто надворешните побарувања е централната банка, со износ од 1.967 милиони евра, или 50% од вкупните побарувања. По нив следуваат побарувањата на останатите сектори (главно нефинансиски трговски друштва), во износ од 866 милиони евра, или 22% од вкупните побарувања.



**Бруто надворешни побарувања по инструменти (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Во рамки на бруто надворешните побарувања, најзначајни должнички инструменти се: должничките хартии од вредност (35,4%), трговските кредити и аванси (25,2%), валутите и депозитите (19,8%) и заемите (19,4%).




Извор: НБРМ

Најголем дел од намалувањето на бруто надворешните побарувања во вториот квартал на 2014 година се должи на намалените јавни побарувања (за 73,1 милион евра), што главно произлегува од пониските пласмани на централната банка во должнички хартии од вредност.




Извор: НБРМ.

Приватните надворешни побарувања во вториот квартал на 2014 година забележаа пораст (24,3 милиони евра), под влијание на зголемените побарувања на небанкарскиот приватен сектор (главно по основ на трговски кредити и аванси), наспроти намалените меѓукомпаниски побарувања и побарувањата на приватните банки.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, кварталното намалување на бруто-побарувањата е под влијание на промените кај централната банка (пад од 73,5 милиони евра) и кај заемите меѓу поврзаните субјекти (намалување за 29,9 милиони евра), при истовремено зголемување на побарувањата на останатите сектори (за 60,0 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во однос на крајот од 2013 година, јавните побарувања се зголемени за 164,6 милиони евра. Приватните побарувања се повисоки за 67,2 милиона евра, под влијание на зголемените побарувања на небанкарскиот приватен сектор (за 104,8 милиони евра), делумно неутрализирани со намалувањето на побарувањата на приватните банки (25,1 милион евра) и на заемите меѓу поврзаните субјекти (12,5 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Најголем придонес за годишниот кумулативен раст на вкупните надворешни побарувања имаат централната банка (со 164,1 милион евра) и останатите сектори (со 104,8 милиони евра).




Извор:НБРМ.

Поради растот на бруто надворешниот долг и намалувањето на бруто надворешните побарувања на земјата, нето надворешниот долг во вториот квартал од 2014 година е зголемен за 161,7 милиони евра (9,8%), со што достигна ниво од 1.805 милиони евра (22,5% од проектираниот БДП).
Во однос на крајот на 2013 година, нето надворешниот долг е зголемен за 290,1 милион евра (19,1%).




Извор:НБРМ.

Најголем дел од нето-долгот (68,2%) е долг на приватниот сектор. Сепак, главен двигател на кварталниот и годишниот кумулативен раст е зголемувањето на јавниот нето-долг (за 151,9 милиони евра, односно за 248,6 милиони евра, соодветно).




Извор:НБРМ.

Од аспект на состојбите, освен централната банка, сите други сектори се нето должници кон странство. Најголем нето-должник е државата, чијшто нето надворешен долг изнесува 1.563 милиони евра, потоа следуваат „останатите сектори“ со 1.029 милиони евра и меѓукомпанискиот нето-долг со 726 милони евра.

Од аспект на движењата, најголем придонес за растот на нето-долгот, како на квартална, така и на годишна кумулативна основа, имаат секторите „централна банка“ и „капитално поврзани претпријатија“.




Извор: НБРМ.

Во текот на вториот квартал на 2014 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 118,8 милиони евра (2,5%) достигнувајќи 4.836,1 милион евра. Гледано преку релативниот показател, негативната нето МИП како процент од БДП бележи раст од 1,5 п.п..




Извор: НБРМ.

И натаму, најголем удел (82,6%) во негативната нето МИП имаат нето-обврските по директни инвестиции, од кои 81,8% врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Кварталниот пораст на негативната нето МИП од 118,8 милиони евра е резултат на зголемувањето на обврските за 84,9 милиони евра надополнето со намалувањето на средствата од 33,9 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, доминантен придонес за кварталниот раст на негативната нето МИП имаат промените кај должничките инструменти (зголемување на нето-обврските за 161,7 милиони евра), коишто се делумно нетирани со намалувањето на нето-обврските кај сопственичките инструменти (за 42,9 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Исто така, кумулативниот раст на негативната нето МИП од 277,8 милиони евра во целост се објаснува со промените кај должничките инструменти (зголемување на нето-обврските за 290,1 милион евра), наспроти намалените нето-обврски кај сопственичките инструменти (од само 12,3 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во структурата на сопственичките инструменти е регистрирано намалување на нето-обврските кај сопственичкиот капитал, во рамки на директните и портфолио-инвестиции (за 26,9 и 10,9 милиони евра, соодветно), со истовремен пораст на средствата во монетарно злато (за 5,1 милион евра, поради ценовни и курсни промени).

# ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 188.5 | 190.8 | 182.5 | 168.4 | 158.7 | 169.1 | 0.7 | 0.4 | 10.4 | 6.6 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 153.6 | 154.6 | 157.8 | 152.4 | 165.6 | 167.8 | 15.3 | 10.1 | 2.2 | 1.3 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,983.3 | 4,069.1 | 4,065.5 | 3,791.2 | 4,135.1 | 4,254.1 | 462.9 | 12.2 | 119.0 | 2.9 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,081.3 | 1,105.2 | 1,026.3 | 1,028.2 | 1,089.5 | 1,070.0 | 41.7 | 4.1 | -19.5 | -1.8 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 10.3 | 10.3 | 10.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 76.9 | 75.4 | 74.4 | 73.2 | 73.7 | 74.5 | 1.3 | 1.8 | 0.8 | 1.0 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.16** | **3,780.36** | **4,105.71** | **4,846.61** | **5,171.67** | **5,493.89** | **5,605.33** | **5,516.79** | **5,219.75** | **5,628.71** | **5,741.65** | **521.9** | **10.0** | **112.9** | **2.0** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,113.40 | 1,464.24 | 1,589.81 | 1,692.42 | 1,683.28 | 1,631.13 | 1,608.89 | 1,625.89 | 1,607.61 | -1.3 | -0.1 | -18.3 | -1.1 |
| Централна банка | 9.15 | 71.74 | 76.42 | 310.82 | 234.24 | 380.63 | 427.03 | 357.71 | 73.20 | 378.01 | 378.61 | 305.4 | 417.2 | 0.6 | 0.2 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384.07 | 468.22 | 578.78 | 564.75 | 618.82 | 626.23 | 666.15 | 635.59 | 609.34 | 606.05 | 607.86 | -1.5 | -0.2 | 1.8 | 0.3 |
| Останати сектори | 1,321.91 | 1,346.99 | 1,464.82 | 1,702.60 | 1,730.87 | 1,733.31 | 1,752.42 | 1,767.59 | 1,758.92 | 1,785.85 | 1,894.81 | 135.9 | 7.7 | 109.0 | 6.1 |
| Дирекни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 682.70 | 837.56 | 872.30 | 804.20 | 997.94 | 1,061.29 | 1,076.45 | 1,124.77 | 1,169.39 | 1,232.91 | 1,252.76 | 83.4 | 7.1 | 19.8 | 1.6 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.16** | **3,780.36** | **4,105.71** | **4,846.61** | **5,171.67** | **5,493.89** | **5,605.33** | **5,516.79** | **5,219.75** | **5,628.71** | **5,741.65** | **521.9** | **10.0** | **112.9** | **2.0** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **49.17** | **56.40** | **58.18** | **64.86** | **69.39** | **66.34** | **67.69** | **66.62** | **63.03** | **70.25** | **71.66** | | | | ***1.4*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***4,614.08*** | ***5,014.10*** | ***5,190.17*** | ***5,253.67*** | ***5,233.45*** | ***5,219.75*** | ***5,324.43*** | ***5,437.53*** | ***217.8*** | ***4.2*** | ***113.1*** | ***2.1*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***61.75*** | ***67.27*** | ***62.67*** | ***63.44*** | ***63.20*** | ***63.03*** | ***66.46*** | ***67.87*** | | | | ***1.4*** |
| Долгорочен долг | 2,141.58 | 2,538.11 | 2,958.84 | 3,450.58 | 3,677.54 | 3,863.19 | 3,877.35 | 3,988.38 | 4,002.85 | 3,949.73 | 4,041.00 | 38.2 | 1.0 | 91.3 | 2.3 |
| Краткорочен долг | 1,162.58 | 1,242.25 | 1,146.87 | 1,396.03 | 1,494.13 | 1,630.70 | 1,727.98 | 1,528.41 | 1,216.90 | 1,678.98 | 1,700.64 | 483.7 | 39.8 | 21.7 | 1.3 |
| Долгорочен долг% | 64.81 | 67.14 | 72.07 | 71.20 | 71.11 | 70.32 | 69.17 | 72.30 | 76.69 | 70.17 | 70.38 | | *-6.3* | | *0.2* |
| Краткорочен долг% | 35.19 | 32.86 | 27.93 | 28.80 | 28.89 | 29.68 | 30.83 | 27.70 | 23.31 | 29.83 | 29.62 | | *6.3* | | *-0.2* |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.87 | 37.87 | 41.93 | 46.18 | 49.34 | 46.65 | 46.82 | 48.16 | 48.34 | 49.30 | 50.44 | | | | *1.1* |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.30 | 18.53 | 16.25 | 18.68 | 20.05 | 19.69 | 20.87 | 18.46 | 14.69 | 20.96 | 21.23 | | | | *0.3* |
| **Јавен долг** | **1,109.94** | **1,324.87** | **1,424.82** | **2,061.11** | **2,162.13** | **2,466.91** | **2,513.16** | **2,472.83** | **2,172.35** | **2,506.70** | **2,585.55** | **413.2** | **19.0** | **78.9** | **3.1** |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,113.40 | 1,464.24 | 1,589.81 | 1,692.42 | 1,683.28 | 1,631.13 | 1,608.89 | 1,625.89 | 1,607.61 | -1.3 | -0.1 | -18.3 | -1.1 |
| Централна банка | 9.15 | 71.74 | 76.42 | 310.82 | 234.24 | 380.63 | 427.03 | 357.71 | 73.20 | 378.01 | 378.61 | 305.4 | 417.2 | 0.6 | 0.2 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.45 | 197.28 | 235.00 | 286.05 | 338.08 | 393.86 | 402.84 | 483.99 | 490.26 | 502.80 | 599.32 | 109.1 | 22.2 | 96.5 | 19.2 |
| **Приватен долг** | **2,194.23** | **2,455.49** | **2,680.90** | **2,785.50** | **3,009.54** | **3,026.98** | **3,092.18** | **3,043.96** | **3,047.39** | **3,122.02** | **3,156.10** | **108.7** | **3.6** | **34.1** | **1.1** |
| Јавен долг% | 33.59 | 35.05 | 34.70 | 42.53 | 41.81 | 44.90 | 44.84 | 44.82 | 41.62 | 44.53 | 45.03 | | *3.4* | | *0.5* |
| Приватен долг% | 66.41 | 64.95 | 65.30 | 57.47 | 58.19 | 55.10 | 55.16 | 55.18 | 58.38 | 55.47 | 54.97 | | *-3.4* | | *-0.5* |
| Јавен долг/БДП % | 16.52 | 19.77 | 20.19 | 27.58 | 29.01 | 29.79 | 30.35 | 29.86 | 26.23 | 31.29 | 32.27 | | | | *1.0* |
| Приватен долг/БДП % | 32.65 | 36.63 | 37.99 | 37.28 | 40.38 | 36.55 | 37.34 | 36.76 | 36.80 | 38.97 | 39.39 | | | | *0.4* |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2013 година е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ, второ тримесечје од 2014 година" од 12.9.2014).
Ваквите методолошки промени сè уште не се вклучени/опфатени во проекцијата на БДП за 2014 година. Поради тоа, податоците за долгот, побарувањата и МИП за 2013 и 2014 година, изразени како процент од БДП, не се меѓусебно споредливи.

Извор: НБРМ.

Табела 2
**Бруто надворешни побарувања***
(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 681.9 | 655.3 | 732.3 | 711.6 | 643.0 | 778.5 | 66.8 | 9.4 | 135.5 | 21.1 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,801.2 | 1,707.8 | 1,688.4 | 1,627.7 | 1,610.6 | 1,395.3 | -232.4 | -14.3 | -215.3 | -13.4 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 819.6 | 838.1 | 764.8 | 494.5 | 801.6 | 763.6 | 269.1 | 54.4 | -38.0 | -4.7 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 815.2 | 858.7 | 846.8 | 865.9 | 924.5 | 993.6 | 127.6 | 14.7 | 69.0 | 7.5 |
| Останати обврски | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 0.0 | 1.1 | 0.0 | -1.5 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 1.9 | 2.4 | 2.9 | 3.3 | 3.8 | 3.9 | 0.6 | 17.7 | 0.1 | 2.3 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.49** | **2,561.41** | **2,956.05** | **3,730.69** | **3,872.61** | **4,121.19** | **4,063.85** | **4,036.66** | **3,704.50** | **3,985.02** | **3,936.29** | **231.8** | **6.3** | **-48.7** | **-1.2** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.00 | 0.00 | 45.60 | 46.80 | 45.94 | 47.23 | 46.30 | 44.74 | 43.94 | 44.02 | 44.46 | 0.5 | 1.2 | 0.4 | 1.0 |
| Централна банка | 1,361.55 | 1,429.81 | 1,482.84 | 2,034.91 | 2,053.82 | 2,261.52 | 2,200.79 | 2,133.18 | 1,802.66 | 2,040.26 | 1,966.76 | 164.1 | 9.1 | -73.5 | -3.6 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.65 | 496.81 | 572.83 | 603.05 | 572.70 | 558.18 | 547.36 | 593.24 | 557.82 | 538.49 | 532.69 | -25.1 | -4.5 | -5.8 | -1.1 |
| Останати сектори | 507.00 | 440.22 | 571.84 | 722.31 | 712.79 | 727.43 | 765.17 | 757.92 | 761.29 | 806.12 | 866.12 | 104.8 | 13.8 | 60.0 | 7.4 |
| Дирекни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 133.29 | 194.56 | 282.94 | 323.61 | 487.36 | 526.83 | 504.22 | 507.58 | 538.79 | 556.14 | 526.25 | -12.5 | -2.3 | -29.9 | -5.4 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.49** | **2,561.41** | **2,956.05** | **3,730.69** | **3,872.61** | **4,121.19** | **4,063.85** | **4,036.66** | **3,704.50** | **3,985.02** | **3,936.29** | **231.8** | **6.3** | **-48.7** | **-1.2** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.60** | **38.21** | **41.89** | **49.92** | **51.96** | **49.76** | **49.07** | **48.74** | **44.73** | **49.74** | **49.13** | | | | **-0.6** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***3,497.63*** | ***3,736.55*** | ***3,817.21*** | ***3,701.43*** | ***3,752.81*** | ***3,704.50*** | ***3,680.74*** | ***3,632.17*** | ***-72.3*** | ***-2.0*** | ***-48.6*** | ***-1.3*** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***46.81*** | ***50.13*** | ***46.09*** | ***44.70*** | ***45.32*** | ***44.73*** | ***45.94*** | ***45.33*** | | | | ***-0.6*** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.21 | 1,087.90 | 1,352.64 | 1,655.28 | 1,898.65 | 2,260.79 | 2,151.87 | 2,138.06 | 2,093.42 | 2,079.30 | 1,832.84 | -260.6 | -12.4 | -246.5 | -11.9 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.28 | 1,473.51 | 1,603.42 | 2,075.40 | 1,973.96 | 1,860.41 | 1,911.98 | 1,898.60 | 1,611.07 | 1,905.73 | 2,103.45 | 492.4 | 30.6 | 197.7 | 10.4 |
| Долгорочни побарувања% | 50.12 | 42.47 | 45.76 | 44.37 | 49.03 | 54.86 | 52.95 | 52.97 | 56.51 | 52.18 | 46.56 | | *-9.9* | | *-5.6* |
| Краткорочни побарувања% | 49.88 | 57.53 | 54.24 | 55.63 | 50.97 | 45.14 | 47.05 | 47.03 | 43.49 | 47.82 | 53.44 | | *9.9* | | *5.6* |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.85 | 16.23 | 19.17 | 22.15 | 25.47 | 27.30 | 25.98 | 25.82 | 25.28 | 25.95 | 22.88 | | | | *-3.1* |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.76 | 21.98 | 22.72 | 27.77 | 26.48 | 22.46 | 23.09 | 22.93 | 19.45 | 23.79 | 26.25 | | | | *2.5* |
| **Јавни побарувања** | **1,361.55** | **1,429.81** | **1,528.44** | **2,081.72** | **2,099.76** | **2,308.75** | **2,247.09** | **2,177.92** | **1,846.60** | **2,084.28** | **2,011.23** | **164.6** | **8.9** | **-73.1** | **-3.5** |
| Држава | 0.00 | 0.00 | 45.60 | 46.80 | 45.94 | 47.23 | 46.30 | 44.74 | 43.94 | 44.02 | 44.46 | 0.5 | 1.2 | 0.4 | 1.0 |
| Централна банка | 1,361.55 | 1,429.81 | 1,482.84 | 2,034.91 | 2,053.82 | 2,261.52 | 2,200.79 | 2,133.18 | 1,802.66 | 2,040.26 | 1,966.76 | 164.1 | 9.1 | -73.5 | -3.6 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | | | | |
| **Приватен побарувања** | **1,030.94** | **1,131.60** | **1,427.61** | **1,648.97** | **1,772.86** | **1,812.45** | **1,816.76** | **1,858.74** | **1,857.90** | **1,900.74** | **1,925.06** | **67.2** | **3.6** | **24.3** | **1.3** |
| Јавни побарувања% | 56.91 | 55.82 | 51.71 | 55.80 | 54.22 | 56.02 | 55.29 | 53.95 | 49.85 | 52.30 | 51.09 | | *1.2* | | *-1.2* |
| Приватни побарувања% | 43.09 | 44.18 | 48.29 | 44.20 | 45.78 | 43.98 | 44.71 | 46.05 | 50.15 | 47.70 | 48.91 | | *-1.2* | | *1.2* |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.26 | 21.33 | 21.66 | 27.86 | 28.17 | 27.88 | 27.13 | 26.30 | 22.30 | 26.01 | 25.10 | | | | *-0.9* |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.34 | 16.88 | 20.23 | 22.07 | 23.79 | 21.89 | 21.94 | 22.44 | 22.43 | 23.72 | 24.03 | | | | *0.3* |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2013 година е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ, второ тримесечје од 2014 година" од 12.9.2014).
Ваквите методолошки промени сè уште не се вклучени/опфатени во проекцијата на БДП за 2014 година. Поради тоа, податоците за долгот, побарувањата и МИП за 2013 и 2014 година, изразени како процент од БДП, не се меѓусебно споредливи.

Извор: НБРМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1 2013 | Кв.2 2013 | Кв.3 2013 | Кв.4 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | во мил. евр | во %/п.п. | во мил. евр | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -493.4 | -464.4 | -549.8 | -543.2 | -484.3 | -609.4 | -66.1 | 12.2 | -125.1 | 25.8 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,647.7 | -1,553.2 | -1,530.6 | -1,475.3 | -1,445.1 | -1,227.5 | 247.7 | -16.8 | 217.5 | -15.1 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,163.7 | 3,230.9 | 3,300.7 | 3,296.8 | 3,333.4 | 3,490.5 | 193.7 | 5.9 | 157.0 | 4.7 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 266.1 | 246.4 | 179.5 | 162.3 | 165.0 | 76.4 | -85.9 | -52.9 | -88.5 | -53.7 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 9.0 | 8.8 | 8.8 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 0.0 | -0.3 | 0.0 | 0.5 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 75.0 | 73.0 | 71.5 | 69.9 | 69.9 | 70.6 | 0.7 | 1.0 | 0.7 | 1.0 |
| **Нето надворешен долг** | **911.68** | **1,218.94** | **1,149.66** | **1,115.92** | **1,299.06** | **1,372.70** | **1,541.48** | **1,480.13** | **1,515.25** | **1,643.69** | **1,805.36** | **290.1** | **19.1** | **161.7** | **9.8** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,067.80 | 1,417.44 | 1,543.87 | 1,645.19 | 1,636.98 | 1,586.40 | 1,564.96 | 1,581.87 | 1,563.15 | -1.8 | -0.1 | -18.7 | -1.2 |
| Централна банка | -1,352.39 | -1,358.07 | -1,406.42 | -1,724.09 | -1,819.58 | -1,880.89 | -1,773.77 | -1,775.48 | -1,729.46 | -1,662.26 | -1,588.15 | 141.3 | -8.2 | 74.1 | -4.5 |
| Депозитни институции, освен централна банка | -6.57 | -28.60 | 5.95 | -38.30 | 46.11 | 68.05 | 118.78 | 42.34 | 51.53 | 67.57 | 75.17 | 23.6 | 45.9 | 7.6 | 11.2 |
| Останати сектори | 814.91 | 906.77 | 892.98 | 980.29 | 1,018.07 | 1,005.88 | 987.25 | 1,009.68 | 997.63 | 979.73 | 1,028.69 | 31.1 | 3.1 | 49.0 | 5.0 |
| Дирекни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 549.40 | 643.00 | 589.36 | 480.59 | 510.58 | 534.46 | 572.23 | 617.19 | 630.60 | 676.78 | 726.51 | 95.9 | 15.2 | 49.7 | 7.3 |
| **Нето надворешен долг** | **911.68** | **1,218.94** | **1,149.66** | **1,115.92** | **1,299.06** | **1,372.70** | **1,541.48** | **1,480.13** | **1,515.25** | **1,643.69** | **1,805.36** | **290.1** | **19.1** | **161.7** | **9.8** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.57** | **18.19** | **16.29** | **14.93** | **17.43** | **16.58** | **18.61** | **17.87** | **18.30** | **20.52** | **22.53** | | | | **2.0** |
| Долгорочен долг | 942.37 | 1,450.21 | 1,606.20 | 1,795.30 | 1,778.89 | 1,602.40 | 1,725.48 | 1,850.31 | 1,909.42 | 1,870.44 | 2,208.16 | 298.7 | 15.6 | 337.7 | 18.1 |
| Краткорочен долг | -30.70 | -231.27 | -456.54 | -679.37 | -479.83 | -229.71 | -184.00 | -370.19 | -394.17 | -226.75 | -402.80 | -8.6 | 2.2 | -176.1 | 77.6 |
| Долгорочен долг% | 103.37 | 118.97 | 139.71 | 160.88 | 136.94 | 116.73 | 111.94 | 125.01 | 126.01 | 113.79 | 122.31 | | -3.7 | | 8.5 |
| Краткорочен долг% | -3.37 | -18.97 | -39.71 | -60.88 | -36.94 | -16.73 | -11.94 | -25.01 | -26.01 | -13.79 | -22.31 | | 3.7 | | -8.5 |
| Долгорочен долг/БДП % | 14.02 | 21.64 | 22.76 | 24.02 | 23.87 | 19.35 | 20.84 | 22.34 | 23.06 | 23.35 | 27.56 | | | | 4.2 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.46 | -3.45 | -6.47 | -9.09 | -6.44 | -2.77 | -2.22 | -4.47 | -4.76 | -2.83 | -5.03 | | | | -2.2 |
| **Јавен долг** | **-251.61** | **-104.95** | **-103.62** | **-20.61** | **62.37** | **158.16** | **266.06** | **294.91** | **325.76** | **422.42** | **574.32** | **248.6** | **76.3** | **151.9** | **36.0** |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,067.80 | 1,417.44 | 1,543.87 | 1,645.19 | 1,636.98 | 1,586.40 | 1,564.96 | 1,581.87 | 1,563.15 | -1.8 | -0.1 | -18.7 | -1.2 |
| Централна банка | -1,352.39 | -1,358.07 | -1,406.42 | -1,724.09 | -1,819.58 | -1,880.89 | -1,773.77 | -1,775.48 | -1,729.46 | -1,662.26 | -1,588.15 | 141.3 | -8.2 | 74.1 | -4.5 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.45 | 197.28 | 235.00 | 286.05 | 338.08 | 393.86 | 402.84 | 483.99 | 490.26 | 502.80 | 599.32 | 109.1 | 22.2 | 96.5 | 19.2 |
| **Приватен долг** | **1,163.29** | **1,323.89** | **1,253.28** | **1,136.53** | **1,236.68** | **1,214.54** | **1,275.42** | **1,185.22** | **1,189.49** | **1,221.27** | **1,231.04** | **41.5** | **3.5** | **9.8** | **0.8** |
| Јавен долг% | -27.60 | -8.61 | -9.01 | -1.85 | 4.80 | 11.52 | 17.26 | 19.92 | 21.50 | 25.70 | 31.81 | | 10.3 | | 6.1 |
| Приватен долг% | 127.60 | 108.61 | 109.01 | 101.85 | 95.20 | 88.48 | 82.74 | 80.08 | 78.50 | 74.30 | 68.19 | | -10.3 | | -6.1 |
| Јавен долг/БДП % | -3.74 | -1.57 | -1.47 | -0.28 | 0.84 | 1.91 | 3.21 | 3.56 | 3.93 | 5.27 | 7.17 | | | | 1.9 |
| Приватен долг/БДП % | 17.31 | 19.75 | 17.76 | 15.21 | 16.59 | 14.67 | 15.40 | 14.31 | 14.36 | 15.24 | 15.36 | | | | 0.1 |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2013 година е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ. согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ, второ тримесечје од 2014 година" од 12.9.2014).
Ваквите методолошки промени сè уште не се вклучени/опфатени во проекцијата на БДП за 2014 година. Поради тоа, податоците за долгот, побарувањата и МИП за 2013 и 2014 година, изразени како процент од БДП, не се меѓусебно споредливи.

Извор: НБРМ.

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | | | | | | | | | | | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1-2013 | Кв.2-2013 | Кв.3-2013 | Кв.4-2013 | Кв.1-2014 | Кв.2-2014 | во мил. евра | во %/ п.п. | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,268.7** | **-4,532.6** | **-4,479.1** | **-4,558.4** | **-4,717.4** | **-4,836.1** | **-118.8** | **2.5** | **-277.8** | **6.1** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,524.1 | 4,412.4 | 4,418.0 | 4,082.5 | 4,390.5 | 4,356.6 | -33.9 | -0.8 | 274.1 | 6.7 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,792.8 | 8,945.0 | 8,897.2 | 8,640.8 | 9,107.8 | 9,192.7 | 84.9 | 0.9 | 551.9 | 6.4 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.6** | **-53.9** | **-51.4** | **-53.1** | **-56.0** | **-51.5** | **-54.7** | **-54.1** | **-55.0** | **-58.9** | **-60.4** | | **-1.5** | | |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,641.2 | -1,633.0 | -1,582.4 | -1,561.0 | -1,577.9 | -1,559.2 | 18.7 | -1.2 | 1.8 | -0.1 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 2,154.4 | 1,975.2 | 1,991.5 | 1,920.4 | 1,868.1 | 1,799.1 | -69.0 | -3.7 | -121.3 | -6.3 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -568.1 | -628.5 | -561.8 | -580.1 | -596.0 | -602.0 | -6.0 | 1.0 | -21.8 | 3.8 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,213.8 | -4,246.3 | -4,326.4 | -4,337.6 | -4,411.6 | -4,474.1 | -62.5 | 1.4 | -136.5 | 3.1 |
| *Инструменти* | | | | | | | | | | | | | | | |
| **МИП, нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,268.7** | **-4,532.6** | **-4,479.1** | **-4,558.4** | **-4,717.4** | **-4,836.1** | **-118.8** | **2.5** | **-277.8** | **6.1** |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,674.3 | -3,744.6 | -3,822.0 | -3,867.9 | -3,973.3 | -3,996.1 | -22.8 | 0.6 | -128.2 | 3.3 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -179.4 | -171.0 | -164.3 | -145.5 | -144.8 | -136.1 | 8.7 | -6.0 | 9.3 | -6.4 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | -3.1 | -3.2 | 0.0 | 0.9 | 0.0 | 0.1 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 339.0 | 336.2 | 391.8 | 371.6 | 362.8 | 345.9 | -16.8 | -4.6 | -25.6 | -6.9 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,801.8 | -2,799.4 | -2,809.7 | -2,791.8 | -2,811.2 | -2,881.8 | -70.7 | 2.5 | -90.0 | 3.2 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -103.8 | -116.1 | -63.7 | -42.9 | -16.7 | 35.2 | 51.9 | -310.5 | 78.1 | -182.1 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 0.0 | -1.5 | 0.0 | 1.1 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 2,230.4 | 2,039.2 | 2,064.8 | 1,993.0 | 1,941.2 | 1,873.0 | -68.2 | -3.5 | -120.0 | -6.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -76.9 | -75.4 | -74.4 | -73.2 | -73.7 | -74.5 | -0.8 | 1.0 | -1.3 | 1.8 |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2013 година е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ, второ тримесечје од 2014 година“ од 12.9.2014).
Ваквите методолошки промени сè уште не се вклучени/опфатени во проекцијата на БДП за 2014 година. Поради тоа, податоците за долгот, побарувањата и МИП за 2013 и 2014 година, изразени како процент од БДП, не се меѓусебно споредливи.

Извор:НБРМ.